Горан Т

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено | 26. 06. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 124 | | |

3032

До: Општина Битола
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Кој учесник на јавното наддавање се стекна со статус на најповолен понудувач за градежната парцела ГП бр. 12.15, на јавното наддавање одржано на 04.06.2025 година ?**

**Бараме да ни биде доставен записник за спроведеното јавно наддавање за ГП бр. 12.15 ?**

**Дали од страна на најповолниот понудувач е извршена уплата на постигнатата продажна цена ?**

**Доколку не е извршена уплата на постигнатата продажна цена, дали е извршено активирање на банкарската гаранција доставена од страна на учесникот на јавното наддавање кој се стекнал со статус на најповолен понудувач за ГП бр. 12.15 ?**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- **д) писмен одговор на бараната информација**

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

**Во** Битола, 25/06/2025 **година .**

(доколку бар[redacted]ена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за имот и имотно правни работи

Бр.11-124/2
30.06.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-124/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Примил:

01.07.2025 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 02. 07. 2025
Орг.Един: 11 Број: 124/3 Прилог: Вредност:

ОПШТИНА БИТОЛА
Одделение за имот и имотно – правни работи

12-сл. од 02.07.2025 год. – Битола

До :
Општина Битола
Лица за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска: Барање број 11-124/2 од 30.06.2025 год.

Почитувани

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под горенаведениот број и датум, Ве известуваме дека согласно член 62 став (2) од Законот за градежно земјиште, Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува **исклучиво до учесниците** на јавното наддавање.

Правото на сопственост и други стварни права на недвижностите се докажува со имотен лист која е јавна исправа што ја издава Агенцијата за катастар на недвижности согласно со член 155 и член 156 од Законот за катастар на недвижности.

Со почит.

**РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ**
**Горан Ѓоревски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

**Изготвил:**
**Стефан Стојанов**

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-124/4
02.07.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **26.06.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-124/2025** од **26.06.2025 година**, информации поврзани со јавно надавање одржано на 04.06.2025 година за Г.П 12.15.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-124/2025 на ден 26.06.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации поврзани со јавното надавање одржано на 04.06.2025 за Г.П.12.15.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-124 од 26.06.2025.
2. Допис до Одделение за имот и имотно правни работи бр.11-124/2 од 30.06.2025.
3. Одговор од Одделение за имот и имотно правни работи со бр.11-124/3 од 02.07.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 02.07.2025 година, под бр. 11-124/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на**
**правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА